**З А П И С Н И К**
**бр. 21**

Од одржаната 21-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 24.10.2018 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници освен Маја Илијева и Виктор Новков кои се оправдано отсутни. Останати присутни: Методи Николов, Горан Кокев, (Андонов Спиро, Зашев Горан – преставници од ХМС Брегалница Кочани) и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 20-тата седница.**
2. **Информација во врска со годишниот план за наводнување зафатено со ЛКМ од ХМС Брегалница Кочани за 2019 год.**
3. **Програма за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на општина Зрновци во зимски услови за 2018/19 год.**
4. **Одлука за давање на Согласност на Правилникот за плати на вработените во КЈП Водна Кула Зрновци**
5. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за плати на вработените во КЈП Водна Кула Зрновци**
6. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комунална такса за потрошена вода по м3 и цената на комунална такса за користење на канализациона мрежа на КЈП Водна Кула Зрновци**
7. **Извештај за работењето на комуналниот редар за период од февруари – септември 2018 год.**
8. **Разно**

Тек на седницата:

Претседателот ги поздрави сите присутни, ја отвори седницата и ги информира советниците дека има дополнување на дневниот ред со следните точки:

9. Одлука за изградба на споменик во с.Мородвис на паднатите борци во НОБ од с.Мородвис
10. Одлука за давање на Согласност на Бизнис планот на КЈП Водна Кула Зрновци
11. Одлука за одобрување да се склучи Договор за услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Зрновци помеѓу Советот на општина Зрновци и КЈП Водна Кула Зрновци.

За збор се јави Јохан Горгиев кој праша до кога постојано пред почетокот на седниците ќе се предлагаат нови точки на дневен ред и зошто материјалите се доставуваат пред ден два пред седницата? Тој кажа дека тој лично ќе преземал мерки ова повеќе да не се повторува. За збор се јави и Виктор Ангелов кој кажа дека од кога ги добил материјалите немал ниту еден работен ден за читање или сондажа по однос на точката. На ова беше одговорено од страна на Претседателот дека за дел од точките тој потпишал за наредна седница уште во петокот а за дел од точките бил известен непосредно поради итност на самите точки. Методи Николов кажа дека за плановите за наводнување сите три од месните заедници биле прифатени како што биле доставени и дека немало никакви измени. После дискусијата се преjде кон усвојување на дневниот ред и истиот беше усвоен со 5-ЗА гласа и 2 ПРОТИВ.

1. **Усвојување на записникот од 20-тата седница.**

Претседателот отвори дискусија по записникот. Збор побара Јохан Горгиев кој кажа дека на минатата седница под разно побарал не информација туку да се стави како точка на дневен ред стипендирањето на ученици и студенти од општина Зрновци. Записникот со измената беше усвоен со 7-ЗА гласа.

2. **Информација во врска со годишниот план за наводнување зафатено со ЛКМ од ХМС Брегалница Кочани за 2019 год.**

Претседателот ја отвори точката за дискусија и ги поздрави присутните преставници од ХМС Брегалница. Андонов Спиро ги информираше советниците дека од страна на месните заедници од трите села имаат добиено планови за наводнувања и истите се вметнати во нивниот план за наводнувања со тоа што поради минатогодишните проблеми сега проблематичните полиња се иземени освен државните ниви на Ефтим и Марјан. Тие кажаа дека имаат план за чистење на каналот и земјените вади и дека според можностите активностите ќе почнат наскоро.Ја искажаа добрата соработка со општина Зрновци во минатото и изразија надеж за нејзино продолжување и во иднина. Душко Горгиев праша дали ќе се чисти оваа година јазот кај Бабареа вада и Кермидница бидејќи лани нечистењето на тој јаз предизвикал многу проблеми.



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Беше сугерирано од страна на општината да се направи еден допис со барање за чистење на конкретните проблематични јазови. Владо Ристов праша дали е можно со посредство на нивната фирма и нешто општината да се изградат зафатите на река Зрновка, конкретно на Морошка вада? Му беше одговорено дека знаејќи ја финансиската моќ на претпријатието тоа е тешко да се очекува.Виктор Ангелов праша дали претпријатието има план за одржување на левиот крак на каналот за наводнување. Му беше одговорено дека има и дека ке се чисти сразмерно можностите. Јохан Горгиев праша за можноста за санирање на истекувањето на водата по патот од Морошка вада кај кругот на Ефтим. Му беше одговорено дека треба да се направат напори со општината и претпријатието да се отстрани проблемот. Можеби дел ќе учествуваат и сопствениците на објектите.

На крај информацијата беше изгласана со 6-ЗА и 1 Против.

3. **Програма за одржување на локални патишта и улици на подрачјето на општина Зрновци во зимски услови за 2018/19 год.**

Претседателот ја отвори точката за дискуија и даде збор на Методи Николов. Тој накратко ја образложи програмата и потребата од нејзино усвојување. Немаше понатамошна дискуија и истата беше усвоена со 7-ЗА гласа.

4. **Одлука за давање на Согласност на Правилникот за плати на вработените во КЈП Водна Кула Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави директорот Горан Кокев кој кажа дека со овој правилник треба да се уреди начинот на дефинирање на плати според законот бидејќи досега платите се земале по решение. Виктор Ангелов и Јохан Горгиев прашаа за што се базира овој правилник. Им беше одговорено дека УО на КЈП веќе го има изгласано а дека се користени правилници од останатите КЈП. Правилникот на крај беше изгласан со 7-ЗА гласа.

5. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за плати на вработените во КЈП Водна Кула Зрновци**

Претседателот отвори дискуија по точката. Јохан Горгиев праша кој ја одредува висината на бодот дали има законска рамка?/ Му беше одговорено од Методи Николов дека има. Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

6. **Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комунална такса за потрошена вода по м3 и цената на комунална такса за користење на канализациона мрежа на КЈП Водна Кула Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката. Горан Кокев појасни дека УО има донесено нова одлука и сега Советот треба да даде согласност на истата. Тој ги информираше советниците дека во Нова Македонија има излезено извештај – препорака од Регулаторната комисија за висината на ком такса за вода и канализација сразмерно за наредните три години почнувајќи од 2019. Јохан Горгиев праша колку често се читаат водомерите. Му беше одговорено секој месец со изклучок на минатиот месец поради годишните одмори на вработените. Виктор Ангелов кажа дека е потребно навремено запознавање на граѓаните со новите цени предложени од регулаторната комисија, дали преку јавен собир или слично. Благој Данев предложи дека посоодветен начин ќе биде доставување на информативен леток заедно со месечната сметка. На крај Одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

7. **Извештај за работењето на комуналниот редар за период од февруари – септември 2018 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Виктор Ангелов кој кажа дека добиениот писмен извештај е скандалозен и дека преставува навреда за советниците. Тој побара подетален извештај и редарот да биде присутен на наредната седница. За извештајот гласаа 5 против и 2 воздржани. Се усвои заклучокот на Виктор Ангелов.

8. **Одлука за изградба на споменик во с.Randomдвис на паднатите борци во НОБ од с.Мородвис**

Претседателот отвори дискуија по точката. За збор се јави Методи Николов кој кажа дека предлогот е на Градоначалникот а по барање на преставници од сојузот на борците од НОБ. Се предлага изградба на скромен споменик до 500 евра на месност соодветна за ова во с.Мородвис. Немаше понатамошна дискусија и одлуката беше донесена со 7-ЗА гласа.

9. **Одлука за давање на Согласност на Бизнис планот на КЈП Водна Кула Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката. Виктор Ангелов побара после усвојувањето истиот да биде јавно достапен за да се запознаат граѓаните. Истито беше усвоен со 7-ЗА гласа.



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

10. **Одлука за одобрување да се склучи Договор за услуги за водоснабдување и канализација во ЕЛС Зрновци помеѓу Советот на општина Зрновци и КЈП Водна Кула Зрновци.**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Благој Данев кој појасни дека договорот се бара како еден од критериумите за грантот за успешност кој го доделува Министерството за финансии и Светска банка. Теркот на договорот е добиен од проектната канцеларија а ке се усогласи со нашите состојби. Договорот беше одобрен со 7-ЗА гласа.

11. **Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Јохан Горгиев кој побара на наредна седница да се стави точка на дневен ред Одлука за стипендирање на ученици и студенти во општина Зрновци за учебната 2018/19 год. Виктор Ангелов постави прашање кога ќе се санира дупката кај Ванчо Анастасов ( Бушката)?

Немаше понатамошна дисксуија и седницата заврши во 14:20

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Претседател на Совет на општина Зрновци** |
| **Благој Данев** | **Владо Ристов** |



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)